02-66/1
25.03.2020 год.

Тимот за поддршка и следење на реализација на далечинско учење, при ООУ „Симче Настовски“, Вратница, согласно Уредбата со законска сила за примена на Законот за основно образование за време на вонредна состојба со дел. Бр. 44-2445/1 од 23.03.2020 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 76/2020 донесе

## ПЛАН ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ДАЛЕЧИНСКО УЧЕЊЕ

1. Планирањето, организацијата и реализацијата на наставата од страна на наставниците, да се прилагоди и да се спроведе на начин што ќе овозможи постигнување на очекуваните резултати од страна на учениците согласно наставните програми.
2. Реализацијата на наставата преку далечинско учење да е во согласност со можностите што ги нудат електронскаите платформи што се корисат.
3. Наставниците да ја прилагодат секојдневната пракса, да вложат дополнителна работа, да соработуваат со колеги, родители/старатели и секако да преземат одговорност за сопствената работа.
4. Наставниците да прават прилагодувања во делот на активностите, формите, методите на работа и ресурсите што треба да бидат усогласени за настава преку далечинско учење.
5. Да се прилагоди начинот на реализација на часот (снимање анимации и видеа, креирање презентација, поставување текст, он-лајн комуникација со учениците).
6. Да се насочуваат учениците кон примери на ТВ училница, кон снимени предавања (www.eduino.gov.mk), кон одредени едукативни софтвери, литература и други соодветни средства за постигнување на конкретната цел, користење на дигитални алатки за интеракција и изготвување на визуелни, анимирани активности и задачи, квизови, развивање на проектни задачи решавање на проблемски ситуации и друго.
7. Следењето на постигањата на учениците, проверувањето на постигањата и оценувањето на учениците треба да биде испланирано и прилагодено на услови на реализација на настава на далечина.

в.д. Директор

Бранка Марковиќ